Врз основа на член 37 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и член 106 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 15 октомври 2020 година донесе

# **Р Е Ш Е Н И Е**
## **за запирање на Приговор**

1. Постапката поведена по поднесениот Приговор од Исаки Рефик од с. Слупчане, Липково УП2 бр. 09 – 103/20 од 14 јули 2020 година СЕ ЗАПИРА.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

### **О б р а з л о ж е н и е**

Исаки Рефик од с. Слупчане, Липково до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија поднесе Приговор УП2 бр. 09 – 103/20 од 14 јули 2020 година, против Решение за согласност за приклучок на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-845 од 26 декември 2019 година.

Жалителот на 5 октомври 2020 година достави Изјава во која изјавува дека го повлекува поднесениот Приговор.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управен суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на истиот.

**УП2 бр. 09-103/20**
**15 октомври 2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**